**ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБА СО ГОЛЕМА КАШЛИЦА**
**ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ВО 2024/25 ГОДИНА, ЗАКЛУЧНО СО 27.03.2025**

## Неделни податоци

Во периодот од 21-27.03.2025 година, не се пријавени нови случаи на голема кашлица, идентично како во претходниот седмодневен период.

## Кумулативни податоци

- Во периодот 2024/25 година, заклучно со 27.03.2025, на територијата на Р.С. Македонија, регистрирани се вкупно 1.185 лица, заболени од голема кашлица, со инциденца од 64,5/100.000 жители.
- Најголем број од заболените лица се регистрирани на територија на Скопје (70,3%), а заболени се регистрирани и во 22 други градови низ РСМ.
- Сè уште,  во тек е епидемијата на територијата на град Скопје.
- Највисока инциденца од 265,1/100.000 жители се регистрира во Кратово, во Скопје (137,2/100.000) и во Куманово (102,5/100.000).
- Најголем број од заболените припаѓаат на возрасната група од 0-4 години (37%), а највисока инциденца се бележи во возрасната група под 1 година и изнесува 1.578,5/100.000 жители.
- Од вкупниот број на регистрирани случаи (1.185), 749 случаи (односно 63,2%) не биле вакцинирани, не се комплетно вакцинирани согласно возраста или немаат доказ за вакцинација.
- Од случаите кои се комплетно вакцинирани (n=303), просек на поминато време од последната доза на вакцина до заболување изнесува 13,7 години.
- Вкупно се хоспитализирани 193 случаи, од кои најголем дел припаѓаат на возрасната група од 0-4 години (n=170, 88,1%), кои во просек биле хоспитализирани по 8 денови.
- Од пријавените 1.185 случаи, лабораториски се потврдени 1.182.
- Од 18.01.2024 – 23.01.2025, на територијата на РСМ **дадени се вкупно 96.114 дози на вакцина која содржи компонента против голема кашлица**.

**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**
**28.03.2025** **Институт за јавно здравје на РСМ**